**ФД ФИНМАК ДОО е водечка fintech компанија во регионот, која нуди широк спектар на финансиски услуги, вклучувајќи краткорочни и персонални кредити. Врз основа на докажаното искуство и достигнувања во индустријата, со седиште во Скопје, компанијата има за цел да понуди микрофинансиски услуги за приватни лица со наједноставен, најбрз и најудобен процес на позајмување за клиентите.**

**Придружете ни се како:**

---

## Тренинг Координатор

**Како Тренинг Координатор во ФИНМАК ДОО, ќе бидете одговорни за планирање, организација и координација на обуки за технички и софт вештини за вработените. Во рамки на улогата, ќе обезбедувате релевантни податоци, анализи и извештаи поврзани со спроведените активности, како и административна поддршка на HR процесите.**

**Дополнително, позицијата вклучува учество во активности поврзани со промоција и директна продажба на производите на компанијата, во соработка со релевантните тимови.**

**Ќе рапортирате директно до Директорот за човечки ресурси и администрација, а вашата улога ќе придонесува кон ефикасното работење и развој на човечките ресурси во компанијата во целост.**

---

**Опсег на одговорности:**

- **Изготвување на годишна програма и план за обука;**
- **Креирање структурирани планови за развој на вработените и проценка на идните потреби за обуки;**
- **Воведување на нови вработени (onboarding) и спроведување воведна обука;**
- **Координирање и осигурување на ажурирани материјали за процесот на онбординг и учество во обуките; (видеа, скрипти, прирачници, PowerPoint презентации итн.);**
- **Да ги идентификува потребите за обука за постојните вработени преку евалуација на нивното теоретско и практично знаење;**
- **Спроведување на структурирани обуки за освежување според откриените потреби:**
    - **Обезбедување обука за вработените за технички вештини;**
    - **Обезбедување обуки за софт вештини (главно комуникациски, продажни и преговарачки вештини);Следење и оценување на квалитетот на извршените обуки со цел нивно подобрување;**
- **Следење ја ефективноста на обуката за да се обезбеди инкорпорирање на научените вештини и техники во работното однесување на вработените;**
- **Административен дел од обуките и развојот (внесување податоци во HR софтвер, Excel статистики и извештаи итн.);**
- **Истражувања и информирање за новите трендови и алатки во развојот на вработените;**
- **Учествување во креирање на долгорочна стратегија за обука и развој;**
- **Организира и спроведува екстерни обуки согласно потребите на компанијата;**
- **Учествување во други HR процеси според потреба.**

**Квалификации и искуство:**

- **Искуство на слична позиција во HR се смета за значајна предност;**
- **Страст за личен раст и развој, со водење со пример и посветеност на саморазвој;**
- **Многу е важно да бидете лице кое може да прифати коучинг, но и само да дава коучинг;**
- **Потребна е високо мотивирана и ентузијастична личност за оваа позиција, која е проактивна, често предлага нови иницијативи и се грижи тие да се реализираат;**
- **Вештини за презентација и говор пред публика;**
- **Лице кое гради квалитетни односи со колеги и клиенти;**
- **Подготвеност патувања (возачка дозвола Б категорија);**
- **Способност за приоритетизација и добра организација;**
- **Лице кое знае како да работи со податоци и да донесува одлуки засновани на податоци за идниот развој;**
- **Познавање на Excel, PowerPoint и други MO алатки;**
- **Познавање на Англиски јазик.**

---

**Компанијата нуди:**

- **Полугодишен бонус систем**
- **Приватно здравствено осигурување**
- **Одличен тим исполнет со млади ентузијасти**
- **Најсовремена технологија за професионална употреба**

---

**Позицијата Тренинг координатор во ФИНМАК нуди динамична и предизвикувачка можност за придонес кон вкупниот HR успех на компанијата, особено во делот на обука и развој на вработените во конкурентна и динамична деловна средина. Ќе имате можност да работите тесно со искусни колеги и да бидете интегрален дел од растот и успехот на компанијата во Северна Македонија.**

**Ако сметате дека сте вистински кандидат за оваа позиција, испратете го вашиот CV користејќи ја опцијата Apply.**

**ФИНМАК го задржува правото да не избере ниту еден кандидат.**
**Со аплицирање, кандидатот се согласува неговите/нејзините лични податоци наведени во CV-то да се чуваат во базата на податоци и обработуваат во рок од 1 година од денот на истек на рокот за избор. Кандидатот има право во секое време да го повлече дадениот согласност за чување и обработка на неговите лични податоци во согласност со Законот за заштита на лични податоци.**

**Компанијата е посветена на создавање разновидна работна средина и горда е што е работодавач со еднакви можности.**

**Ве молиме имајте на ум дека само избраните кандидати ќе бидат контактирани за интервју.**